## SATURDAY 15th July

**19:30 | DECORATING THE FLAG AND FIRING THE RIFLE**
The top of a flag is decorated with flowers and then, it's waved. The bridegroom hangs it on the right side of his house and a riffle is fired.

**20:00 | WELCOMING THE MUSICIANS**
The musicians start performing at the Neda hotel and start walking slowly to the bridegroom's house. The bridegroom, his brother and his friends commence from villa Dosta towards the bridge to welcome the musicians.

**20:30 | BRIDEGROOM MOTHER'S TRADITIONAL DANCE**
This dance is performed at the Upija drinking fountain by the closest relatives and it's led by the bridegroom's mother. She carries a sieve on her head and a goblet in her hand.

**20:45 | THE NEVESTINSKOTO & TESHKOTO DANCES**
These dances symbolise the nation's pride and constant struggle for freedom and are performed in front of the Upija drinking fountain.

**21:00 | TAKING THE BRIDE TO THREE FOUNTAINS**
A suite of marriage brokers with torches go from the bridegroom's house to the house of the bride. Afterwards, the procession together with the girl goes to the three drinking fountains: Sekuliche, Dingoviche and Upija where she fills a water pitcher.



**Покровител:**
Претседател на РСМ Стево Пендаровски

**Поддржано од:**
Министерство за култура

**Генерален спонзор:**
Пивара Скопје

**Спонзори:**
ЕВН Македонија АД Скопје
Мепсо АД Скопје
ВВ Тиквеш
Стопанска банка АД Скопје
НЛБ АД Скопје
Галичник Спирит Лаб
Алкалоид
Вода Маја
Општина Маврово и Ростуше
Здравствен дом Ростуше
Спајдер груп
Шерпа Хорс Рајдинг
Toi Toi
Неотел
Хотел Сити Парк Скопје



**60 години ја славиме љубовта!**

# ДА НИ Е ВЕЧНА ГАЛИЧКА СВАДБА

Чешма Упија | 22 часот
целовечерен концерт
**ФОЛТИН**

**14** јули




## САБОТА 15ти јули

**19:30 | РЕДЕЊЕ, КИТЕЊЕ НА БАЈРАКОТ И ФРЛАЊЕ ПУШКА**
Врвот на бајракот се кити со цвеќиња, а потоа се развива. Зетот го става на „перде" од десната страна на куќата - вила „Доста" и се „фрла" пушка.

**20:00 | ПРЕЧЕК НА ТОПАНИТЕ**
Топаните тргнуваат од хотелот „Неда" и се движат кон куќата на зетот. Зетот, братот на зетот, стариот побратим и другите побратими тргнуваат од вила „Доста". Пречекот е на мостот.

**20:30 | „СВЕКРВИНО ОРО"**
Орото се игра на „Упија" и го води свекрвата со сито на глава и бокал в раце, со блиската рода.

**20:45 | ИЗВЕДБА НА ОРАТА „НЕВЕСТИНСКО" И „ТЕШКОТО"**
Симболот на пркосот и непокорот. Се изведуваат на платото пред чешмата „Упија".

**21:00 | ОДЕЊЕ НА ВОДА**
Поворката од свадбари со борини и факели одат од куќата на зетот - вила „Доста", до куќата на девојката - невестата. Потоа, заедно со девојката се оди на три чешми да наполни вода: Секуличе, Динговиче и Упија.

*60 години ентузијазам, желба и труд, пот и с'лзи, 60 крстати бајраци по чардаци развиорени, 60 ќерки и синови од мајка од татко отклонати, 60 прошепотени благослови "да сте вечни, да се ќердосате, в'година да крштеваме", 60 момички и момчиња со завети пред Бога и своите, еден кон друг приклонети, свои гнезда свиени, во спомен на многу пред нив, и со аирлија за многупати по толку напред!*

Република Северна Македонија
Министерство за култура

ПРОГРАМА
14ти-16ти јули

PROGRAM
14th-16th July

Месна заедница
**Галичник**

Local community of
**Galichnik**

## НЕДЕЛА 16ти јули

**8:30 | КАНЕЊЕ НА МРТВИТЕ**

Група од најблиските роднини на зетот го посетува гробот на починатите. На чело е зетот со карта за зовење во раката. Тргнувањето е од куќата на зетот.

**10:00 | КАНЕЊЕ НА КУМОТ**

По доаѓањето од гробишта, зетот, стариот побратим, побратимите и најблиските го канат кумот (куќа на Писевци).

**10:15 | БРИЧЕЊЕ НА ЗЕТОТ**

Пред „Упија" еден од побратимите (татково, мајкино) го бричи зетот. За тоа време најблиските „липаат" бидејќи овој настан претставува „одделување" од семејството и приклонување кон невестата.

**10:30 | ТРГНУВАЊЕ ПО НЕВЕСТАТА**

Од вила „Доста" поворката од свадбари тргнува по невестата. На чело е бајрактарот качен на коњ, со побратимите и стариот побратим. Коњаниците се движат пред поворката. Претходно пред мостот стариот побратим се одделува од другите побратими - коњаници и оди во домот на невестата каде бара согласност за доаѓање на стројниците - сватовите. Свадбената поворка од стројници на чело со свекорот и свекрвата се движи кон куќата на невестата. Сретнувањето на стројниците со „аберџиите" е на мостот.

**11:00 | ПРИСТИГНУВАЊЕ НА СТРОЈНИЦИТЕ**

По пристигнувањето на стројниците - сватовите, бајрактарот го предава бајракот, кој се става на прозорецот од куќата на невестата. Побратимот го води коњот од зетот и го носи пред главната врата каде што девојката го гледа низ прстен. Зетот им бакнува рака на своите роднини и на роднините на девојката. Потоа на зетот му се става риза на рамо.

**11:15 | СТРОЕВАЊЕ НА НЕВЕСТАТА**

На поставена софра во дворот седат најблиските роднини на зетот. Свекрвата од дисагите ги вади подароците. Девојката им бакнува рака. Потоа, девојката се облекува во невестинската облека за качување на коњ.

**11:30 | ТОВАРЕЊЕ НА КОВЧЕЗИТЕ И ИСПРАЌАЊЕ НА НЕВЕСТАТА**

Побратимот известува дека невестата е подготвена за тргнување. Сватовите стануваат, невестата се качува на коњ. Напред оди бајрактарот, коњот со ковчезите, невестата и сите сватови во свечена поворка.

**12:00 | ПРЕЧЕК НА НЕВЕСТАТА**

Свекрвата со сито, погача и бокал со вино ја дочекува невестата. Таа три пати се врти околу невестата удирајќи ја со леб по глава. Потоа ја редат уздата од коњот и капата од младоженецот. Женетиот брат ја слегува од коњот, се држи мутавче. Потоа по простренета литовина влегува дома.

**12:30 | ВЕНЧАВАЊЕ В ЦРКВА**

На чело на поворката се невестата и зетот, свекрвата и свекорот, а по нив бајрактарот и блиската родбина. Свекрвата во рака носи котле со вода, а во другата рака китка босилок и ги прска младите се до влезот во црквата „Св. Петар и Павле". Пред црквата се постила мутавче, а десно од вратата на црквата се реди бајракот. Потоа следи чинот на венчавање. Додека трае венчавањето се изведуваат ора.

**13:00 | НОСЕЊЕ НА НЕВЕСТАТА НА ВОДА И ЗАИГРУВАЊЕ**

На чело оди свекорот и кумот со блиските роднини, а по нив невестата со два ибрика во раце. Обичајот се изведува на чешмата „Упија". Потоа невестата ја заигруваат. Се изведуваат невестинското и други ора.

**13:30 | ИСПРАЌАЊЕ НА ТОПАНИТЕ**

Топаните по завршувањето на свадбените обичаи ги испраќаат најблиските роднини.
Свекорот ги дарува со пари.

## SUNDAY 16th July

**8:30 | INVITING DECEASED RELATIVES**

A group of the closest groom's relatives go to the graves of the deceased family members. There, the bridegroom holding a liquor flask in his hand invites them to his wedding.

**10:00 | INVITING THE GODFATHER**

After returning from the cemetery, the bridegroom, his friends and his closest relatives invite the best man to the wedding (at Pisevci's house).

**10:15 | SHAVING THE BRIDEGROOM**

In front of the Upija drinking fountain one of the relatives (either by mothers of father's line) shaves the bridegroom. The closest relatives start sobbing because the shaving is a symbol of separating the boy from his immediate family and his adjoining his bride to be.

**10:30 | FETCHING THE BRIDE**

From the bridegroom's house, villa Dosta, a suite of over 50 marriage brokers goes to fetch the bride. The suite is led by the standard bearer and the groom's friends on horses. The horsemen ride slowly in front of the suite. Before they reach the bridge, one of the friends goes to the bride's house to ask for permission for the arrival of the marriage brokers. On the way back, he rejoins the procession while the wedding procession consisting of marriage brokers and parents in law moves towards the bride's house. The marriage brokers then meet the heralds at the bridge.

**11:00 | ARRIVAL OF THE MARRIAGE BROKERS**

After the marriage brokers have arrived, the standard bearer passes on the flag which is hung on the bride's house window. Then, one of the bridegroom's friends leads the groom's horse in front of the house gate where the bride looks at the bridegroom through her ring. The groom kisses the hands of his and the bride's relatives and then, they put a towel over his shoulder.

**11:15 | THE BRIDE WELCOMES THE MARRIAGE BROKERS**

In front of the house, the bridegroom's closest relatives gather at a table. The groom's mother takes out the presents from the saddlebags and gives them to the bride who in return kisses her hand. After that, the bride is dressed in traditional wedding attire and is ready to mount her horse.

**11:30 | SENDING THE BRIDE WITH THE MARRIAGE BROKERS**

The bridegroom's friend informs the marriage brokers that the bride is ready and they all prepare to go. After the bride mounts her horse, the solemn procession led by the standard bearer, followed by the horses carrying the dowry chests, the bride and all the marriage brokers continues on its way.

**12:00 | WELCOMING THE BRIDE**

The bridegroom's mother welcomes the bride with a sieve, a round loaf of bread and a goblet of wine. She walks around the bride three times tapping her on the head with the bread. Then, they place a bridle on her and the bridegroom's cap. A married bridesman helps the bride to get off the horse and she enters the new home treading on a spread rug.

**12:30 | CHURCH WEDDING CEREMONY**

The bride and the groom, the bridegroom's mother and father, the standard bearer and other close relatives walk to the church. The bridegroom's mother carries a kettle of water and a bunch of basil leaves and she spatters the young couple and other guests while they progress from the house to the 'Ss Petar and Pavle' church. A carpet is laid in front the church and the flag is hung on the right side of the door.

**13:00 | TAKING THE BRIDE TO UPIJA FOUNTAIN AND THE BRIDE'S TRADITIONAL DANCE**

The bridegroom's father and the best man now lead the suite and the bride is taken to the Upija fountain to fill two water pitchers. After that the bride leads the bride's traditional dance and other folk dances are performed as well.

**13:30 | FAREWELL TO THE MUSICIANS**

After completing the wedding ceremonies, the closest relatives say goodbye to the musicians and the bridegroom's father presents the musicians with money.